Прилог број 2

Листа на шифри и цели на плаќањата согласно ИСО-стандардот „20022 XML"

Ред. Бр.	Класификација	Шифра	Цел на плаќањето	Дефиниција
1	Банкарски долг	**BKDF**	Одложено повлекување на кредитот	Одредени должници можат да ја искористат можноста за одложено повлекување на кредитот, додека доверителот се обврзува да обезбеди средства во одредено време на барање на должникот. Во случај на прифаќање на таквата обврска, доверителот има право на надоместок.
2	Банкарски долг	**BKFE**	Надоместоци за кредити	Надоместоци за банкарски кредит. Парична активност поврзана со одредени надоместоци за банкарски кредит, вклучувајќи: а) надоместок за агентот; б) надоместок за дополнувања и измени; в) надоместок за неискористениот износ на кредитот или компензација за резервација на средства; г) надоместок за издадената согласност на банката; д) надоместок за дополнителни финансиски трошоци; ѓ) надоместок за задоцнето плаќање на обврските; е) надоместок за управување со кредитот / за обработка на барањето; ж) надоместок на банката која ги обезбедува средствата (англ. fronting bank); з) компензација за гарантираните средства за заем; ѕ) надоместок за акредитивот.

3	Банкарски долг	**BKFM**	Отплата на договорот за кредит	Меморандум за финансирање банкарски кредит. Нето-движење на паричните средства за конечното известување за договорот за заем, кога е испратено одделно од упатството за конечно известување за договорот за кредит.
4	Банкарски долг	**BKIP**	Наплатена камата на банкарскиот кредит	Пресметана камата. Специфично за банкарските кредити.
5	Банкарски долг	**BKPP**	Плаќање на главнината на банкарскиот кредит	Плаќање на главнината. Специфично за банкарските кредити.
6	Берзански деривати	**FNET**	Нето-порамнување на стандардизираните фјучерс-договори	Парични средства поврзани со нето-порамнувањето (нето) на стандардизираните фјучерс договори. За нето-порамнувањето на иницијалната и варијабилната маргина преку централната договорна страна, видете ја шифрата CCPM.
7	Берзански деривати	**FUTR**	Стандардизирани фјучерс- договори	Парични средства поврзани со тргување со стандардизирани фјучерс-договори.
8	Даноци	**ESTX**	Данок на наследство	Трансакцијата се однесува на плаќањето на данокот на наследство.
9	Даноци	**FWLV**	Бенефиции за странски работници	Исплата на бенефиции за странски работници.
10	Даноци	**GSTX**	Данок на стоки и услуги	Трансакцијата претставува плаќање на данокот на стоки и услуги.
11	Даноци	**HSTX**	Данок на станбен простор	Трансакцијата се однесува на плаќањето на данокот на станбен простор (англ. housing tax).
12	Даноци	**INTX**	Данок на доход	Трансакцијата се однесува на плаќањето данок на доход.
13	Даноци	**NITX**	Данок на нето-добивка	Трансакцијата се однесува на плаќањето на данокот на нето-добивка.

14	Даноци	**PTXP**	Данок на имот	Трансакцијата е поврзана со плаќањето на данокот на имот.
15	Даноци	**RDTX**	Такса за патишта	Трансакцијата е поврзана со плаќањето на таксите за користење на патиштата.
16	Даноци	**TAXR**	Поврат на данок	Трансакцијата претставува поврат на повеќе платен данок или даночна обврска и преплатен данок на доход.
17	Даноци	**TAXS**	Плаќање даноци	Трансакцијата претставува плаќање данок.
18	Даноци	**VATX**	Плаќање данок на додадена вредност	Трансакцијата претставува плаќање на данокот на додадена вредност.
19	Даноци	**WHLD**	Задржан данок	Трансакцијата се однесува на плаќањето на задржаниот данок.
20	Девизно работење	**FORW**	Форвард со девизи	Трансакции за купопродажба на девизи со иден датум на валута.
21	Девизно работење	**FXNT**	Нето-порамнување на тргувањето со девизи	Нето-порамнување на тргувањето со девизи.
22	Деривати на пазарите преку шалтер	**CDEP**	Плаќање во случај на неможност за намирување на обврските	Плаќање во случај на неможност за намирување на обврските (англ. credit default event).
23	Деривати на пазарите преку шалтер	**SWFP**	Конечно плаќање на своп- договор	Конечни плаќања за своп-договор.
24	Деривати на пазарите преку шалтер	**SWPP**	Делумно плаќање на своп-договор	Делумни плаќања на своп-договор.
25	Деривати на пазарите преку шалтер	**SWRS**	Плаќање за промена на своп-договор	Плаќање за промена на своп-договор.
26	Деривати на пазарите преку шалтер	**SWUF**	Авансно плаќање на своп-договор	Авансно плаќање на своп договор.
27	Е-трговија	**ECPG**	Гарантирано плаќање	Плаќање преку е-трговија со гаранција за плаќање од банката издавач.

28	Е-трговија	**ECPR**	Повратна средства од е-трговија	Повратна средства од плаќање преку е-трговија.
29	Е-трговија	**ECPU**	Негарантирано плаќање	Плаќање преку е-трговија без гаранција за плаќање од банката издавач.
30	Е-трговија	**EPAY**	Е-плаќање	Трансакцијата се однесува на е-плаќање.
31	Здравство	**ANTS**	Услуги за анестезија	Трансакцијата претставува плаќање на услугите за анестезија.
32	Здравство	**CVCF**	Услуги за реконвалесцентна нега	Трансакцијата претставува плаќање на услугите за реконвалесцентна нега.
33	Здравство	**DMEQ**	Трајна медицинска опрема	Трансакцијата претставува плаќање на набавката на трајна медицинска опрема.
34	Здравство	**DNTS**	Стоматолошки услуги	Трансакцијата претставува плаќање на стоматолошките услуги.
35	Здравство	**HLTC**	Здравствени услуги за домашна нега на пациент	Трансакцијата представува плаќање на услугите за домашна нега на пациент.
36	Здравство	**HLTI**	Здравствено осигурување	Трансакцијата е плаќање на здравственото осигурување.
37	Здравство	**HSPC**	Болничка нега	Трансакцијата претставува плаќање за услугите за болничка нега.
38	Здравство	**ICRF**	Услуги за социјална заштита	Трансакцијата претставува плаќање на услугите на установите за социјална заштита.
39	Здравство	**LTCF**	Долгорочна здравствена нега	Трансакцијата претставува плаќање на услугите на установата за долгорочна здравствена нега.
40	Здравство	**MAFC**	Придонеси во Фондот за здравствена заштита	Трансакцијата претставува уплата на придонес во Фондот за здравствена заштита.
41	Здравство	**MARF**	Повратна трошоците за медицинска помош	Трансакцијата се однесува на надоместување на трошоците за медицинска помош.
42	Здравство	**MDCS**	Здравствени услуги	Трансакцијата претставува плаќање на здравствените услуги.

43	Здравство	**VIEW**	Офталмолошки услуги	Трансакцијата претставува плаќање на офталмолошките услуги.
44	Инвестиции	**ANNI**	Ануитет	Трансакцијата се однесува на плаќањето ануитет на кредит, осигурување, инвестиции и друго.
45	Инвестиции	**CAFI**	Внатрешен надоместок за управување со сметката на чувар на имот	Трансакцијата претставува плаќање на надоместокот за управување со сметката на чувар на имот каде што банката чувар на имот и банката која ја одржува платежната сметка се совпаѓаат.
46	Инвестиции	**CFDI**	Внатрешно намалување на основната главнина	Трансакцијата е плаќање за намалување на основната главнина во случај кога банката чувар на имот и банката која ја одржува платежната сметка се совпаѓаат.
47	Инвестиции	**CMDT**	Плаќање стоки	Трансакцијата претставува плаќање на стоките.
48	Инвестиции	**DERI**	Деривати	Трансакцијата се однесува на тргувањето со деривати.
49	Инвестиции	**DIVD**	Дивиденда	Трансакцијата претставува исплата на дивиденда.
50	Инвестиции	**FREX**	Купопродажба на девизи	Трансакцијата се однесува на работењето на девизниот пазар.
51	Инвестиции	**HEDG**	Осигурување од ризик - хеџирање (англ. Hedging)	Трансакцијата се однесува на операцијата за осигурување од ризик.
52	Инвестиции	**INVS**	Инвестиции и хартии од вредност	Трансанкцијата се однесува на плаќањето во заедничките фондови, инвестициските производи и на обврзниците и на акциите.
53	Инвестиции	**PRME**	Благородни метали	Трансакцијата се однесува на работењето со благородни метали.
54	Инвестиции	**SAVG**	Штедење	Пренос на штедна / пензиска сметка.
55	Инвестиции	**SECU**	Хартии од вредност	Трансакцијата претставува плаќање на хартиите од вредност.

56	Инвестиции	**SEPI**	Интерно купување на хартиите од вредност	Трансакцијата претставува плаќање за купување хартии од вредност во случај кога се совпаѓаат банката чувар на имот и банката што ја одржува платежната сметка.
57	Инвестиции	**TREA**	Трезорско плаќање	Трансакцијата се однесува на трезорското работење.
58	Инвестиции	**UNIT**	Уплата во инвестицискиот фонд	Трансакцијата претставува уплата на средства во инвестицискиот фонд.
59	Инстант плаќања	**IPAY**	Инстант плаќања	Трансакција во која износот му е веднаш на располагање на примачот.
60	Инстант плаќања	**IPCA**	Откажување на инстант плаќањата	Трансакција во која повратот на износот е враќање на истиот во целост.
61	Инстант плаќања	**IPDO**	Инстант плаќања за донации	Трансакција направена за донации, во која износот му е веднаш на располагање на примачот, со испраќање податоци за адресата на плаќачот.
62	Инстант плаќања	**IPEA**	Инстант плаќање во е-трговија без податоци за адресата	Трансакција направена во е-трговија, во која износот е му веднаш на располагање на примачот, без испраќање податоци за адресата на плаќачот.
63	Инстант плаќања	**IPEC**	Инстант плаќање во е-трговија со податоци за адресата	Трансакција направена во е-трговија, во која износот е веднаш на располагање на примачот, со испраќање на податоци за адреса на плаќачот.
64	Инстант плаќања	**IPEW**	Инстант плаќање во е-трговијата	Трансакција направена во е-трговија, во која износот е веднаш на располагање на примачот.
65	Инстант плаќања	**IPPS**	Инстант плаќање на местото на продажба	Трансакција во која износот му е веднаш на располагање на примачот, направена на терминалски уред на местото на продажба.
66	Инстант плаќања	**IPRT**	Враќање на инстат плаќањето	Трансакција за делумно или целост враќање на износот на инстант плаќањето.

67	Инстант плаќања	**IPU2**	Инстант плаќање на уред со двофакторска автентикација	Инстант плаќање на самоуслужна машина за продажба со користење на двофакторска автентикација.
68	Инстант плаќања	**IPUW**	Инстант плаќање на уред без двофакторска автентикација	Инстант плаќање на самоуслужна машина за продажба без користење на двофакторска автентикација.
69	Јавни комунални услуги	**CBTV**	Сметка за кабелска телевизија	Трансакцијата се однесува на плаќањето на сметката за кабелска телевизија.
70	Јавни комунални услуги	**ELEC**	Сметка за електрична енергија	Трансакцијата се однесува на плаќањето на сметката за електрична енергија.
71	Јавни комунални услуги	**ENRG**	Енергија	Трансакцијата се однесува на плаќањето на енергијата.
72	Јавни комунални услуги	**GASB**	Сметка за гас	Трансакцијата се однесува на плаќањето на сметката за гас.
73	Јавни комунални услуги	**NWCH**	Надоместок за мрежа	Трансакцијата се однесува на плаќањето на надоместоците за користењето мрежа.
74	Јавни комунални услуги	**NWCM**	Мрежна комуникација	Трансакцијата се однесува на плаќањето на мрежната комуникација.
75	Јавни комунални услуги	**OTLC**	Сметка за останати телекомуникациски услуги	Трансакцијата се однесува на плаќањето на сметката за останатите телекомуникациски услуги.
76	Јавни комунални услуги	**PHON**	Сметка за телефон	Трансакцијата се однесува на плаќањето на сметката за телефон.
77	Јавни комунални услуги	**UBIL**	Поврзани комунални услуги	Плаќање на заедничкиот снабдувач на гас, вода и / или електрична енергија.
78	Јавни комунални услуги	**WTER**	Сметка за вода	Трансакцијата се однесува на плаќањето на сметката за вода.

79	Картични порамнувања	**CBLK**	Збирен клиринг за картички	Услуга која порамнува парични средства за збир од картични трансакции, истовремно повикувајќи се на конкретна датотека со трансакции или други информации како идентификациска ознака на терминалскиот уред, идентификациска ознака на давателот на платежни услуги кој прифаќа картички или други детали за трансакцијата.
80	Картични порамнувања	**CDCB**	Плаќање со картичка со исплата на готовина	Купување стоки и услуги со дополнителна исплата на готовина на местото на продажба (англ. CashBack).
81	Картични порамнувања	**CDCD**	Исплата на готовина со картичка	Повлекување готовина на банкомат во самоуслужна околина или во услужуна околина (на шалтер на давател на платежни услуги).
82	Картични порамнувања	**CDCS**	Исплата на готовина со картичка со дополнителен надоместок	Повлекување готовина на банкомат во самоуслужна околина или во услужувна околина (на шалтер на давател на платежни услуги) со дополнителен надоместок.
83	Картични порамнувања	**CDDP**	Одложено плаќање со картичка	Комбинирана услуга која му овозможува на давателот на платежни услуги кој ја прифаќа картичката да одобри авторизација на привремен износ и да го заврши конечниот износ во ограничена временска рамка. Одложеното плаќање е достапно само во самоуслужно опкружување. Примери каде што се користи оваа услуга се бензински станици и телефонски говорници.

84	Картични порамнувања	**CDOC**	Оригинално одобрување	Услуга која му овозможува на прифаќачот на картичката да изврши кредитирање на сметката на сопственикот на картичката. За разлика од повратот на парични средства од трговец, на оригиналното одобрување не му претходи плаќање со картичка. Се користи на пример за кредитирање / одобрување на добивките од игри на среќа.
85	Картични порамнувања	**CDQC**	Заменска готовина	Купување стоки коишто се еквивалентни на готовина (англ. Quasi Cash), како што се купоните во коцкарници.
86	Картични порамнувања	**ETUP**	Дополнување на е-паричник	Трансакцијата е поврзана со плаќање за услуга која овозможува прво да се резервираат парични средства од сметката на која е поврзана платежната картичка, а потоа да се наполни е-паричникот со овој износ.
87	Картични порамнувања	**FCOL**	Наплата на надоместоци	Услуга која ги порамнува надоместоците поврзани со платежните трансакции извршени со картички помеѓу две страни.
88	Картични порамнувања	**MTUP**	Надополнување мобилен кориснички број	Услуга со која прво се резервираат парични средства од сметката на која е поврзана платежната картичка, а потоа се надополнува мобилниот кориснички број за тој износ.
89	Комерцијални плаќања	**AGRT**	Трансфер за земјоделство	Трансакцијата се однесува на плаќањето во земјоделскиот домен.
90	Комерцијални плаќања	**AREN**	Книжење на побарувањата	Трансакцијата се одесува на плаќањето поврзано со книжењето на побарувања.
91	Комерцијални плаќања	**BEXP**	Деловни трошоци	Трансакцијата се однесува на плаќањето на деловните трошоци.

92	Комерцијални плаќања	**BOCE**	Книжење конверзија во одделот за заднински операции	Трансакцијата се однесува на плаќањето поврзано со книжењето на конверзијата во одделот за заднински операции.
93	Комерцијални плаќања	**COMC**	Комерцијално плаќање	Трансакцијата се однесува на плаќањето на комерцијален кредит или долг врз основа на кредитен производ.
94	Комерцијални плаќања	**CPYR**	Авторски права	Трансакцијата се однесува на плаќањето на авторските права.
95	Комерцијални плаќања	**GDDS**	Купопродажба на стоки	Трансакцијата се однесува на купувањето и продажбата на стоки.
96	Комерцијални плаќања	**GDSV**	Купопродажба на стоки и услуги	Трансакцијата се однесува на купувањето и продавањето на стоки и услуги.
97	Комерцијални плаќања	**GSCB**	Купопродажба на стоки и услуги со исплата на готовина	Трансакцијата се однесува на купувањето и продавањето на стоки и услуги со исплата на готовина (англ. CashBack).
98	Комерцијални плаќања	**LICF**	Надоместок за лиценца	Трансакцијата претставува плаќање на надоместокот за лиценца.
99	Комерцијални плаќања	**MP2B**	Мобилни плаќања од физичко лице кон деловен субјект (P2B)	Услуга којашто му овозможува на корисникот да изврши платежна трансакција користејќи апликација на неговиот мобилен телефон за да му плати на продавачот или на друг деловен примач. Информациите за сметката или идентификацијата на примачот се пренесуваат во апликацијата преку различни канали, на пример, ку-ер код (QR code), НФЦ, блутут (Bluetooth), други мрежи.
100	Комерцијални плаќања	**POPE**	Книжење на место на продажба	Трансакцијата се однесува на плаќање на местото на продажбата.
101	Комерцијални плаќања	**ROYA**	Приходи од правото на следство	Трансакцијата се однесува на плаќањата на приходите врз основа на право на следство (англ. royalties).

102	Комерцијални плаќања	**SCVE**	Купопродажба на услуги	Трансакцијата се однесува на купувањето и продавањето услуги.
103	Комерцијални плаќања	**SERV**	Надоместок за услуги	Трансакцијата се однесува на надоместоците за услугите што ги наплаќа давателот на услугата.
104	Комерцијални плаќања	**SUBS**	Претплата	Трансакцијата се однесува на плаќањето на информацијата или услугата за забава било во хартиена било во електронска форма.
105	Комерцијални плаќања	**SUPP**	Плаќање на добавувачот	Трансакцијата се однесува на плаќањето на добавувачот.
106	Комерцијални плаќања	**TRAD**	Трговски услуги	Трансакцијата се однесува на плаќање на трговски услуги.
107	Надоместоци	**B112**	Надоместок за продавачот на заедничките фондови	Надоместок (12б-1) за продавачот при продажба на средствата во заедничките фондови.
108	Надоместоци	**BR12**	Попуст на продавачот на заедничките фондови	Попуст на продавачот на заедничките фондови.
109	Надоместоци	**TLRF**	Надоместок за продавачот на заедничките фондови (надвор од САД)	Секој надоместок од страна на управителот на заедничкиот фонд на продавачот на заедничкиот фонд што не е од САД. Се користи меѓународниот код за идентификација на хартии од вредност (англ. ISIN - International Securities Identification Code).
110	Надоместоци	**TLRR**	Рабат на продавач на заеднички фондови (надвор од САД)	Секој рабат од страна на управителот на заедничкиот фонд на продавач на заедничкиот фонд кој не е од САД. Се користи меѓународниот код за идентификација на хартии од вредност (англ. ISIN - International Securities Identification Code).

111	Обезбедување	**BFWD**	Форвард на обврзници	Парично обезбедување поврзано со форвард-трансакција со хартии од вредност, со рок на достасување подолг од три дена, а која вклучува и државни записи.
112	Обезбедување	**CCIR**	Каматен своп во различни валути	Парично обезбедување поврзано со каматен своп во различни валути, при што фиксните каматни плаќања во една валута се заменуваат за каматни плаќања во друга валута.
113	Обезбедување	**CCPC**	Клиринг на инцијалната маргина кај централна договорна страна	Парично обезбедување поврзано со договорот за ИСДА (англ. ISDA - International Swaps and Derivatives Association) или договорот за централен клиринг, кој ги покрива барањата за иницијална маргина заради клиринг на трансакциите склучени на пазарите преку шалтер кои се порамнуваат преку централната договорна страна.
114	Обезбедување	**CCPM**	Клиринг на варијабилната маргина кај централната договорна страна	Парично обезбедување поврзано со договорот за ИСДА (англ. ISDA - International Swaps and Derivatives Association) или договорот за централен клиринг, кој ги покрива барањата за варијабилна маргина заради клиринг на трансакциите склучени на пазарите преку шалтер кои се порамнуваат преку централната договорна страна.
115	Обезбедување	**CCSM**	Клиринг на издвоената инцијална маргина кај централната договорна страна	Издвоената инцијална маргина кај централната договорна страна: Иницијалната маргина за деривати на пазарите преку шалтер за кои се врши клиринг преку централната договорна страна која бара издвојување на маргината.

116	Обезбедување	**CRDS**	Своп на кредитен ризик	Трансакцијата претставува парично обезбедување за трансакциите за своп на кредитниот ризик (англ. credit default swap).
117	Обезбедување	**CRPR**	Вкрстен производ	Парично обезбедување поврзано со различни видови тргувања.
118	Обезбедување	**CRSP**	Кредитна поддршка	Парично обезбедување поврзано со давање / земање парични средства на заем; акредитив; потпишување рамковен договор.
119	Обезбедување	**CRTL**	Кредитна линија	Парично обезбедување поврзано со отворањето кредитна линија пред тргувањето.
120	Обезбедување	**EQPT**	Опции со акциите	Парично обезбедување поврзано со тргувањето со опциите со акции.
121	Обезбедување	**EQUS**	Своп на акциите	Парично обезбедување поврзано со тргувањето со своп на акциите, каде што повратот од акции се заменува со фиксна или променлива каматна стапка.
122	Обезбедување	**EXPT**	Егзотична опција	Парично обезбедување поврзано со тргувањето со егзотични опции, на пр. нестандардни опции.
123	Обезбедување	**EXTD**	Деривати тргувани на организиран пазар	Парично обезбедување поврзано со тргувањето со стандардизирани деривати на организиран пазар (спротивно на пазарот преку шалтер).
124	Обезбедување	**FIXI**	Инвестиција со фиксен приход	Парично обезбедување поврзано со финансиските инструменти со фиксен приход / принос (пр. обврзница).

125	Обезбедување	**FWBC**	Парично обезбедување за брокерот во форвард-трансакциите	Трансакцијата претставува уплата на парично обезбедување за брокерот според рамковниот форвард-договор, каде што паричните средства се наоѓаат на посебна сметка и не се достапни за клиентот. Шифра за сите инструменти со иден (терминski) датум на порамнување, како што се трансакциите со хипотекарните хартии од вредност кои треба да бидат објавени (англ. To Be announced – TBA), договори за повторен откуп (репо) и форвард со обврзници.
126	Обезбедување	**FWCC**	Парично обезбедување за клиентот во форвард трансакции	Трансакцијата претставува плаќање на паричното обебедување за клиент според рамковниот форвард-договор, каде што паричните средства се во сопственост и му се достапни на клиентот по завршувањето. Шифра за сите инструменти со датум на порамнување како што се трансакциите со хипотекарни хартии од вредност кои треба да бидат објавени (англ. To Be announced – TBA), договори за повторен откуп (репо) и форвард со обврзници.
127	Обезбедување	**FWSB**	Издвоено парично обезбедување за брокерите со форвард-трансакции	Сите парични средства наменети за брокерот за обезбедување (гаранција, осигурување) според рамковниот форвард-договор, кои се издвоени и не се достапни за клиентот. Примерот за рамковниот форвард-договор ги вклучува трансакциите со хипотекарните хартии од вредност кои треба да бидат објавени (англ. To Be announced – TBA), договори

				за повторен откуп (репо) и форвард со обврзници.
128	Обезбедување	**FWSC**	Издвоено парично обезбедување за клиентите за форвард-трансакции	Сите парични средства наменети за обезбедување (гаранција, осигурување) според рамковниот форвард-договор, кои се во сопственост на клиентот и му се достапни на клиентот по враќањето од издвоената сметка. Пример за рамковниот форвард договор ги вклучува трансакциите со хипотекарните хартии од вредност кои треба да бидат објавени (англ. To Be announced – TBA), договорите за повторен откуп (репо) и форвард со обврзниците.
129	Обезбедување	**MARG**	Дневна маргина на котираните деривати	Договорена дневна маргина на дериватите. Примери се плаќањата за маргина за котираните фјучерси и опции, премиите за котираните опции кои не се опфатени со пораките MT54X.
130	Обезбедување	**MBSB**	Обезбедување за агентите на хипотекарните хартии од вредност	Издвоено парично обезбедување за агентот на хипотекарните хартии од вредност (англ. Mortgage Back Security). Секое плаќање во парични средства поврзано со хипотекарните хартии од вредност коешто е издвоено и клиентот не може да го користи по

				склучување на трансакцијата.
131	Обезбедување	**MBSC**	Обезбедување за клиентот во договорите за хипотекарните хартии од вредност	Издвоено парично обезбедување за клиентот во трансакциите со хипотекарните хартии од вредност (англ. Mortgage Back Security). Секое плаќање во парични средства поврзано со хипотекарните хартии од вредност кое е во сопственост на клиентот и кое клиентот може да го користи кога ќе му биде вратено од посебната сметка по склучување на трансакцијата.
132	Обезбедување	**MGCC**	Иницијална маргина на фјучерси	Иницијална маргина во фјучерс-трансакција. Клиентот ја има сопственоста на маргината за фјучерс-трансакцијата и може да ја користи по нејзиното враќање.
133	Обезбедување	**MGSC**	Издвоено парично обезбедување во сопственост на клиентот за иницијалната маргина на фјучерси	Обезбедување на иницијалната маргина во фјучерс-трансакција. Сите плаќања за обезбедување маргина во фјучерс-трансакцијата, каде што клиентот акумулира средства на посебна сметка во негова сопственост и може да ги користи по нивно враќање.
134	Обезбедување	**OCCC**	Обезбедување на клиентот за опции	Средства на клиентите заложени како обезбедување во трансакциите со опции.
135	Обезбедување	**OPBC**	Обезбедување за брокерот за опциите на пазарите преку шалтер	Трансакцијата преставува плаќање на паричното обезбедување за инструментот – опции на пазарите преку шалтер, во согласност со договорот за фјучерси. Во овој случај, паричните средства се издвоени и недостапни за клиентот (останууваат кај брокерот).

136	Обезбедување	**OPCC**	Обезбедување за клиентот за опциите на пазарите преку шалтер	Трансакцијата преставува плаќање на паричното обезбедување за инструментот - опции на пазарите преку шалтер, во согласност со договорот за фјучерси. Во овој случај, паричните средства не се издвоени и му се достапни на клиентот по нивното враќање.
137	Обезбедување	**OPSB**	Издвоено обезбедување за брокерот за опциите на пазарите преку шалтер	Издвоено парично обезбедување кај брокер за опции на пазарите преку шалтер. Секое плаќање парични средства поврзано со обезбедување за опцијата на пазарите преку шалтер, кои се издвоени и не се достапни за користење од страна на клиентот.
138	Обезбедување	**OPSC**	Издвоено обезбедување за клиентот за опциите на пазарите преку шалтер	Издвоено парично обезбедување за опциите на пазарите преку шалтер. Секое плаќање парични средства поврзано со обезбедувањето за опциите на пазарите преку шалтер, кои се во сопственост на клиентот и се достапни за користење од страна на клиентот кога ќе му бидат вратени од издвоената сметка.
139	Обезбедување	**OPTN**	Опции со девизи	Парично обезбедување поврзано со тргувањето со опциите со девизи.
140	Обезбедување	**OTCD**	Деривати на пазарите преку шалтер	Трансакцијата претставува уплата на парично обезбедување во врска со трансакциите со дериватите на пазарите преку шалтер. На пример: договори кои не се тргуваат на берза и за кои поединечно се договара.
141	Обезбедување	**REPO**	Репо-договор	Парично обезбедување поврзано со репо-договор (договор за привремена продажба и повторен откуп на хартиите од вредност).

142	Обезбедување	**RPBC**	Обезбедување на брокерот за репо-договор	Билатерално обезбедување во сопственост на брокерот поврзано со репо-договор (англ. General Master Repo Agreement, GMRA или MRA).
143	Обезбедување	**RPCC**	Обезбедување на клиентите за репо-договор	Обезбедување во сопственост на клиентите поврзано со репо-договор (англ. General Master Repo Agreement, GMRA или MRA).
144	Обезбедување	**RPSB**	Издвоено парично обезбедување на брокерот за репо-договор	Билатерално издвоено парично обезбедување на брокерот поврзано со трансакцијата за репо-договор.
145	Обезбедување	**RPSC**	Издвоено парично обезбедување на клиентите за репо-договор	Издвоено парично обезбедување на клиентите поврзано со трансакцијата за репо-договор.
146	Обезбедување	**RVPO**	Обратен репо-договор	Парично обезбедување поврзано со обратен репо-договор.
147	Обезбедување	**SBSC**	Продажба на хартии од вредност со повторен откуп и обратно	Парично обезбедување за трансакциите поврзани со продажба на хартии од вредност со повторен откуп и обратно, за трансакции поврзани со откуп на хартии од вредност со повторна продажба.
148	Обезбедување	**SCIE**	Егзотичен каматен своп во странска валута	Парично обезбедување за егзотичен каматен своп (англ. interest rate swap) во странска валута.
149	Обезбедување	**SCIR**	Каматен своп во странска валута	Парично обезбедување за каматен своп (англ. interest rate swap) во странска валута.
